ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **16.03.2020 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**,Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**,Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**,Раководител на испекциски надзор **Бранко Велиновски** , Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум на кој од негова страна беше дадено образложение од одржаната координативна седница на кризниот штаб на ден 15.03.2020 година.
Од одржаниот колегиум беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар</u>**

Од страна на Секретарот на општината Љубомир Младенов беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
-Заклучоци од Генерален колегиум на Влада на РСМ.
-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Разгледување на апликации по однос на грантови за НВО.

-Информација во врска со закажаното судско рочиште на 19.03.2020 година.

-Откажана прес конференција на општина Крива Паланка и СИПР во врска со отпочнување на тековни активности за имплементација на проект изградба на фитнес терен на отворено и терен за мини голф финансиран преку Програмата на IPA,CBC,РСМ и Р.Бугарија.

-Доставен е предлог проект со целокупната документација во врска со повикот за доделување грантови од SDC и Министерство за локална самоуправа.

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

-Од страна на Раководителот на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се види со ЈП Комуналец за приоритети по договор за градежно занатски работи-потпорни ѕидови на ул. „Јане Сандански“ и ул.„Климент Охритски“.

-За изработка на проектот за пат Дурачка Река да се направи координација со ЛЕР околу изработка на ПАД –документ.

-Повторно да се исконтактира со Живко од фирмата ЕМО Водно за изработка на основен проект за Станечки Водопади.

-Исто така да се исконтактира со Наум од фирмата Ленд -Кад инженеринг за изработка на геодетски елаборат за канализација во Цонев Рид.

-Издавање на одобренија за тековно одржување.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да биде изготвено одобрение за баскет игралиште кај ОУД Боро Менков.

-Да биде изготвено одобрение за градба во Бабин Дол.

-Список за легализации да биде доставен на Емил Денчевски.

-Тековни активности

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Јасмина Ангеловска да направи координација со директорите на ООУ и СОУ во согласност со Бирото за развој и Министерство за образование околу наставно образовната програма која ќе се емитува секој ден од 10 30 до 13 часот на тв каналите и организација на online настава за учениците.

-Тековни активности

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се воспостави контакт со Оливер Стојановски и Маја Костадиновска да достават потребна документација за регулирање на нивното отсуство за неопходна грижа на деца.

-Да се направи координација со Мартин Николовски и Љубомир Младенов околу ревидирање на план за заштита и спасување.

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Раководителот на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се обноват договорите за утврдување на меѓусебните односи за плаќање на тековни трошоци кои произлегуваат од користење на админастративните простории од други министерства и агенции.

-Во врска со отуѓување на градежноземјиште сопственост на РСМ за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичко планска документација доколку лицето има во сопственост до 30%од градежната парцела да се види можност дали може да се отуѓува градежното земјиште доколку на лице место на тоа земјиште има објект од јавен интерес. За таквите предмети беше донесен заклучок на колегиум дека треба да се донесуваат унифицирани решенија со претходно обезбедени изјави за согласност од барателот и во согласност со законот.

-Тековни активности околу јавните набавки.

**Одделение за инспекциски надзор**

- Од страна на Раководителот за Одделение за испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се испрати допис до Подрачна единица за земјоделство, шумарство и водостопанство во Крива Паланка да достават информација колку поплаки има до нив пристигнато во врска со неконтролираното напасување на крупен добиток и што имаат преземено истите.

-Комуналните редари секојдневно да вршат контрола на јавните површини дали има неконтролирано напасување на крупен добиток и за секое грло да се поднесува пријави и да се изрекува казни.

-Комуналните редари да преземат мерки околу отстранување на хаварисани возила од јавните површини пред Пакет маркет и на ул. „8ми Октомври“ и други места.

-Комуналните редари и градежниот испектор да продолжат со активностите за проверка на угостителските објекти околу плаќање на комунални такси за настрешници и тенди и поставување на урбана опрема во комуникација со Одделение за финансиски прашања.

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се направи набавка на средстава за дезинфекција и да се изврши дезинфекција на јавните површини, јавни тоалети и други објекти и да се определи екипа за вршење на истата.

-Да се спроведе забрана за фунционирање на Зелениот пазар додека трае периодот околу заштита од вирусот Ковид -19.

-Да се спроведе кроење на гранките од дрвјата на дрворедот на ул.„Св.Јоаким Осоговски“.

-Да отпочнат активности за разеленување на градот, санација на зелените површини кај Неки флизер и уредување на зелената површина кај првата стамбена зграда во населба Бавчалк.

-Да формира градежна екипа за изградба на потпорни ѕидови на ул. „Јане Сандански“ и ул. „Климент Охридски“ и за поставување калдрма во населба Лозаново и продолжеток на ул. „Момир Стојановски“.

-Да се докомплетира со соодветни податоци доставениот записник за штети од неконтролираното напасување на крупен добиток и деградирање на зелените површини на спортскиот терен и останато јавно зеленило.

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се финализира постапка за банери за кампањата visitkrivapalanka во кординација со Стојанче Величковски до 20.03.2020 година.

-Да се направи подготовка на Предлог програма за Кривопаланечко културно лето за 2020 година.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- Од страна на Раководителите да се дефинираат термините за користење на вториот дел од годишен одмор на вработените и истите да бидат доставени до Одделение за човечки ресурси.
- Сите вработени кои се отсутни во овој период од работа со поднесена изјава од нивна страна треба да бидат достапни на телефоните и да извршуваат работни задачи доколку се во можност од дома или истите да доаѓаат на работа 2-3 часа до колку има потреба од истите.
- Во врска со сите  дописи ,јавувања на телефон  и примени информации на маил или друг начин,вработените да ги информираат нивните раководители а ако сметаат дека има потреба и градоначалникот на општината,околу правовремено постапување и тековна комуникација и координација за сите службени активности.

**16.03.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**